ГРАЃАНСКИ
РЕСУРСЕН
ЦЕНТАР

ПРЕДЛОГ

**Национална фондација за развој на граѓанското општество**
**ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР**
**Центар**

# Годишен план за работа за 2024 година

Скопје, јануари 2024

| | |
|---|---|
| **Визија** | Зајакнато граѓанско општество кое активно учествува во креирањето политики и придонесува кон партиципативна демократија |
| **Мисија** | Да се поддржат граѓанските организации, кои се гласот на граѓаните и суштинскиот чинител на демократијата, за да бидат ефективни, отчетни и одржливи независни чинители |
| **Стратешки, долгорочни цели** | 1. Одржливо и ефективно граѓанско општество, кое активно влијае на јавните политики и општествените промени и придонесува кон партиципативна демократија |
| | 2. Зголемена јавна доверба во граѓанските организации кои дејствуваат за остварување на интересите на граѓаните |
| | 3. Поволна средина за развој на граѓанското општество |
| | 4. Поддржан процес на евроинтеграции на земјата |
| | 5. Поттикната соработка и развој на партнерства |
| | 6. Загарантирани човекови права на сите граѓани |
| **Целни групи** | Граѓански организации<br>Државни институции<br>Граѓани |
| **Главни вредности и принципи** | ✓ Независност<br>✓ Одговорност и транспарентност<br>✓ Учество<br>✓ Партнерство<br>✓ Толеранција<br>✓ Оддржливост<br>✓ Еднакви можности |
| **Методи на работа** | Развојна поддршка (градење капацитети, развој на капацитети, финансиска поддршка)<br>Застапување (информирање, подигање на свеста, едукација, креирање политики, влијание врз јавната политика, следење и барање одговорност) |

# 1. Програмски активности

## 1.1. Цели

Имајќи ја предвид својата визија, мисија и долгорочни цели, Граѓанскиот ресурсен центар во 2024 година ќе работи на постигнување на следните долгорочни цели:

1. Одржливо и ефективно граѓанско општество, кое активно влијае на јавните политики и општествените промени и придонесува кон партиципативна демократија
2. Зголемена јавна доверба во граѓанските организации кои дејствуваат за остварување на интересите на граѓаните
3. Поволна средина за развој на граѓанското општество
4. Поддржан процес на евроинтеграции на земјата
5. Поттикната соработка и развој на партнерства
6. Загарантирани човекови права на граѓаните

## 1.2. Целни групи и региони

Нашата примарна целна група се граѓанските организации, иако државните институции кои се главно одговорни за соработка со граѓанскиот сектор или имаат мандат да креираат политики поврзани со ГО се важна целна група. Дополнително ќе работиме со други релевантни чинители вклучувајќи ги локалните самоуправи, бизнис заедницата, академската заедница, младите и граѓаните воопшто.

Активностите ќе се спроведуваат на територијата на Република Северна Македонија, на сите нивоа: локално, регионално (одредени региони во земјата) и национално ниво. Приоритет имаат регионите каде се лоцирани избраните целни групи. Меѓународното присуство на Граѓанскиот ресурсен центар ќе биде обезбедено преку учество, соработка и координација со релевантните меѓународни чинители, особено ресурсните центри во Западен Балкан и Турција.

## 1.3. Активности и очекувани резултати

Со цел да ги постигнеме нашите долгорочни цели, планираме да ги спроведеме следните активности во 2024 година:

| Активности | Очекувани резултати |
|---|---|
| Спроведување на обуки/работилници за граѓанските организации на различни теми (развивање на проектна идеа и пишување проектна апликација, мониторинг и евалуација, родова еднаквост, видливост на ГО и односи со јавноста) | 4 обуки/работилници |
| Обезбедување менторска поддршка за граѓанските организации на различни теми, вклучително и за индивидуалните резултати од онлајн алатката за самооценка на организациски капацитети | 24 менторски сесии |
| Изготвување на онлајн обуки во онлајн Академијата за ГО | Снимени два онлајн обуки |

| | |
|---|---|
| Обезбедување редовна поддршка на ГО и на граѓани (хелп-деск, обезбедување простор, техничка и логистичка поддршка итн.) | 60 поддржани ГО и/или граѓани |
| Обезбедување финансиска поддршка за локални организации за спроведување на иницијатива за справување со проблеми во заедницата | Доделени 13 мали акциски грантови |
| Обезбедување релевантни и навремени информации за ГО | Споделени 200 релевантни информации |
| Подготвување и споделување на месечни прегледи за финансирање за ГО | 12 месечни прегледи споделени |
| Подготовување и споделување на неделни прегледи на предлог закони и законски измени објавени на ЕНЕР | 30 подготвени и споделени прегледи |
| Редовно следење на отвореноста на Владата во процесот на одлучување | Подготвен годишен извештај |
| Организирање настани (дебати, информативни настани, консултативни настани, мобилен ресурсен центар) | Организирани 10 настани со над 300 учесници |
| Редовно ажурирање на ресурсната веб-страна | >24 вести<br>>20 објавени ресурсни материјали |
| Подготовка на база на податоци за потенцијални донатори за финансирање на граѓанските организации | Онлајн база на податоци за потенцијални донатори за финансирање на ГО |
| Анализа на овозможувачката средина за развој на граѓанското општество | Подготвен годишен извештај |
| Анализа на работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и спроведувањето на Стратегијата за соработка со и поддршка на граѓанското општество | Подготвен годишен извештај од анализата |
| Изготвена онлајн алатка за промовирање на иницијативи за застапување на ГО | Функционална онлајн алатка, евидентирани најмалку 5 иницијативи за застапување на ГО |
| Иницирање на Gender Hub | Онлајн платформа + настан(и) |
| Редовна координација со државните институции релевантни за развојот на ГО | Одржани шест состаноци |
| Соработка, координација и размена на добри практики со ресурсните центри од регионот | Редовна координација, одржани најмалку 3 средби (во живо или онлајн) |
| Воспоставување на функционална платформа на поддржувачи на локалните организации | Ресурсни центри и антени на ресурсните центри |

## 2. Организациски активности

Во 2024 година ќе продолжат активностите за внатрешен развој и зајакнување на ГРЦ преку развивање интерни акти и процедури за ефективно работење.

### 2.1. Организација

#### 2.1.1. Стратегија, владеење и управување

Управниот одбор на ГРЦ ќе продолжи да работи со предвидени најмалку две седници за вршење на редовните задачи согласно на Статутот.

Во 2023 година ГРЦ ја изготви организациската стратегија за периодот 2024-2027 година а во 2024 ќе се пристапи кон нејзино усвојување и спроведување.

Извршниот директор на ГРЦ ќе продолжи да присуствува на редовните состаноци на МЦМС за подобра координација. Редовно ќе се одржуваат едукативни и информативни состаноци во рамките на ГРЦ или како дел од МЦМС. Ќе бидат организирани обуки за подобро преземање на дополнителните задачи кои произлегуваат од формирањето на новото правно лице.

#### 2.1.2. Системи и процедури

Во 2023 година беа изготвени и усвоени Правилник за финансиско работење и Правилни за набавки. Во 2024 година ќе продолжи развивањето на останатите внатрешни акти и процедури во ГРЦ. Целиот процес ќе биде поддржан од МЦМС како основач на ГРЦ.

#### 2.1.3. Планирање, известување, мониторинг и евалуација

ГРЦ редовно ќе ги планира и ќе го следи спроведувањето на активностите. За таа цел користиме годишното планирање и известување преку Годишен план, Полугодишен извештај и Годишен извештај.

Известувањето се состои од наративен и финансиски дел. Како новоформирана организација, ревизијата зависи од проектните барања и обезбедените средства од тие проекти. Во моментот ГРЦ спроведува еден проект финансиран од Европската Унија за кој донаторот не бара годишна ревизија туку ревизија на крајот од проектот.

Покрај годишното (организациско) известување, а согласно барањата на донаторот (ЕУ) дефинирани во договорот, ГРЦ ќе подготвува и дополнителни програмски/проектни извештаи.

### 2.2. Комуникација

#### 2.2.1. Комуникација со надворешни чинители

ГРЦ ќе продолжи да работи на воспоставување и развивање на соработката со релевантните државни институции, локалните самоуправи, домашните и меѓународните организации, бизнис заедницата, академската заедница како и проекти од областа на развојот на граѓанското општество финансирани од ЕУ или други донатори. ГРЦ ќе одржува тесна комуникација со ресурсните центри од ИПА земјите на Западен Балкан и Турција како и регионалниот проект Техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО).

### 2.2.2. Односи со медиуми

Главната цел на добрите односи со медиумите е да се зголеми видливоста на ГРЦ меѓу целните групи и јавноста.

Во следниот период ќе се работи на спроведување на четиригодишната комуникациска стратегија со акцискиот план изготвени во 2023 во рамки на проектот за поддршка на ГРЦ.

Ќе се подготвуваат квартални билтени и ќе се споделуваат на мејлинг листата и преку други канали за комуникација. Веб-страницата на ГРЦ ќе биде редовно ажурирана со информации, вести и ресурсни материјали. Вестите на ГРЦ ќе бидат објавени и на Фејсбук и другите социјални медиуми на организацијата.

ГРЦ ќе посвети внимание на развивање на попроактивен пристап кон медиумите, кој не се состои само од испраќање соопштенија за печат, туку и поинтензивна комуникација во живо со нив. Во односите со медиумите, ГРЦ ќе ги таргетира електронските и печатените медиуми. За 2024 година се предвидени три соопштенија за печат. Приоритет ќе имаат електронските медиуми како широко присутни и лесно достапни за јавноста.

## 2.3. Мобилизација на ресурси

ГРЦ во моментот е целосно финансирана од Европската Унија и донаторот има размислувања и најави за понатамошна поддршка на ГРЦ, се доколку планираните проектни активности успешно се спроведуваат и ГРЦ е широко препознаен како релевантен поддржувач на локалните организации.

На веб-страната на ГРЦ се креираат неколку онлајн алатки и бази кои што имаат потенцијал да генерираат средства за фондацијата во иднина. Сепак потребно е поинтензивна работа и усовршување на овие услуги пред истите да бидат понудени на пазарот.

Во 2023 година проектната канцеларија беше реалоцирана од седиштето на ГРЦ во посебна канцеларија во центар и иако трошокот е покриен од донаторот тоа не дава оддржливо решение на долг рок. Заедно со МЦМС, како основач на ГРЦ, испратено е официјално барање до Владата за бесплатно користење на простории кои се во државна сопственост. Се уште се чека одговор за барањето, но во 2024 ќе се направат дополнителни напори за изнаоѓање на простории за кои нема да се покрива надомест за кирија.

# 3. Финансиски план

Финансискиот план е подготвен како посебен документ.

ВВл/ВВл
Бр. 01-17/1-2024
Скопје, 29.01.2024 г.

Валентина Величковска
Извршен директор